Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 10.06.2022

На 09.06.2022 во 21.40 часот на ул.„Цар Самоил" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид – Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода 3.Ф.(51) од Охрид. При претрес во угостителски објект што го користи, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, дигитална вага, дробилка и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.06.2022 во 12.45 часот на ул.„Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово, врз основа на судска наредба, го привеле А.Ј.(43) од с.Першовце, тетовско за издржување затворска казна. По приведувањето, тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 09.06.2022 во 12.30 часот на ул.„Радански пат" во Штип, полициски службеници од СВР Штип, врз основа на судска наредба и по распишана потерница, го привеле Џ.И.(34) од Штип за издржување на затворска казна. По приведувањето, тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната.

Денеска (10.06.2022) во 00.05 часот на ул.„Орце Николов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија ги лишиле од слобода Ж.Т.(21) и А.Г.(18), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (10.06.2022) во 02.00 часот на ул.„Драган Стопаревиќ" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода Д.И.(19) од Куманово, затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (10.06.2022) во 01.50 часот на регионалниот пат Тетово – Јажинце, полициски службеници од СВР Тетово – Полициско одделение Теарце го лишиле од слобода Б.П.(28) од с.Добросје, тетовско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.06.2022 во 22.40 часот на автопатот Скопје - Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ф.И.(42) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.06.2022 во 23.30 часот на регионалниот пат Желино-Грутчани, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ј.М.(32) од тетовско Желино, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (10.06.2022) во 01.40 часот на ул.„23 Август" во Берово, полициски службеници од Полициската станица Берово го лишиле од слобода З.Р.(21) од Берово. При извршена контрола и проверки било утврдено дека возилото „лада", кое го управувал, не било негова сопственост, туку дека противправно го одзел од лицето В.Г. од Берово. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.06.2022 во 17.55 часот во гостиварски Добридол, полициски службеници од Полициското одделение Галате го лишиле од слобода Е.Х.(26) од гостиварски Добридол, поради основано сомнение дека сторил повеќе кривични дела „кражби". Тој бил приведен и задржан во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка и по целосно расчистување на случаите против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.06.2022 во 05.45 часот во ОВР Кавадарци, В.М.(52) од Кавадарци пријавил дека, додека извршувал работи на неговиот лозов насад, пронашол стара експлозивна направа. Увид извршила екипа од Полициската станица Кавадарци, а од претставник на Дирекцијата за заштита и спасување експлозивната направа била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 09.06.2022 во 19.00 часот во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено дека на ул.„14 Јуни", трактор „инт-539", управуван од Д.Т.(61) од Македонска Каменица, удрил во патничко возило „Диа3", со делновски регистарскиознаки, паркирано од Д.Т.(57) и се превртел на коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобил сопатникот С.М.(55) од Македонска Каменица, констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа од Полициското одделение Македонска Каменица.

На 09.06.2022 во 10.00 часот во Полициската станица Аеродром, Д.К.М.(37) од Скопје пријавила дека на ул.„Васко Карантелески" била касната од куче скитник.

На 09.06.2022 во Полициската станица Карпош, Е.М.(37) од Скопје пријавила дека на ул.„Илинденска" била касната од куче скитник.

На 09.06.2022 во 01.30 часот на подрачјето на Центар од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје е лишен од слобода Е.Ц.(29) од с.Долно Коњари, скопско. Кај него беше пронајдени прашкаста материја, марихуана, семки од марихуана и пари, кои се одземени и предадени за вештачење. Лицето е приведено и задржано во Полициска станица Гази Баба. Во координацијата со Јавен обвинител, по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 10.06.2022 во 06.00 часот, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода А.М.(27) од кичевското село Лисичани. Тој бил баран по распишана потерница од Казнено- поправната установа Затвор Скопје, каде е предаден по приведувањето.

На 09.06.2022 во периодот од 16.00 до 21.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализиран се акциски сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници во Охрид затекнале и санкционирале 10 возачи кои извршиле неправилности при управувањето. Контролирани биле и 46 автобуси кои вршат јавен превоз на патници и кај 2 автобуси во Струга биле констатирани неисправности на уредот за запирање и ќе бидат соодветно санкционирани.

На 09.06.2022 во 19.45 часот во Полициската станица Пробиштип, од Итна медицинска помош Пробиштип било пријавено дека кај ним со повреди бил донесен М.К.(45) од Пробиштип. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи во приватна фирма во Пробиштип. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 13.00 часот во ОВР Дебар, 37-годишен жител на Дебар пријавил дека бил измамен од Ф.Ч. од с.Велебрдо, општина Маврово и Ростуше. Според пријавеното, на 18.10.2021 тој се договорил со Ф.Ч. да му го даде на проба во период од еден месец неговото возило „мерседес с350", и ако му одговара да му го продаде. Како што е пријавено, Ф.Ч. не му го вратил возилото, ниту му се јавил да договорат купопродажба. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Гази Баба, А.М.(47) од Скопје пријавил дека на 08.06.2022 околу 14.30 часот, додека бил на работното место во приватна здравствена установа на подрачјето на Гази Баба, дошол Д.Н. и упатувал закани кон него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (10.06.2022) во 04.45 часот во Полициската станица Неготино, Р.А.(32) од Неготино пријавил дека околу 04.30 часот пред казино во Неготино, поради претходен долг, бил физички нападнат од А.С.(30) од Неготино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, 38-годишен жител на Скопје пријавил дека на 08.06.2022, во периодот од 09.00 до 14.00 часот, по претходен договор со А.Н., од едно лице подигнал и со сопствени пари платил автоделови и се упатил во с.Крушино, кичевско, каде А.Н. требало да му ги врати парите. А.Н. не се појавил според договореното и бил недостапен, по што пријавителот сфатил дека бил измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 10.00 часот во Полициската станица Карпош, Г.С.(52) од Скопје пријавил дека на 15.05.2022 околу 14.00 часот пред угостителски објект на подрачје на Карпош, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Гази Баба, С.М.(42) од с.Дејковец, општина Зелениково, пријавил дека околу 09.40 часот во двор на средно училиште на подрачје на Гази Баба неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 23.30 часот во СВР Куманово, сопственик на рент-а-кар фирма од кумановско пријавил дека на 06.06.2022 со Д.Ј.(19) од Куманово и Б.С.(31) од с.Горобинје, светиниколско, склучил договор за издавање на две патнички моторни возила, кои требало да бидат вратени на 09.06.2022. Според пријавеното, тие не го исполниувале склучениот договор и не ги вратиле возилата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Струмица, В.Б.(60) од Струмица пријави дека околу 16.45 часот пред зграда во Струмица бил физички нападнат од М.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2022 во 23.45 часот во Полициското одделение Нов Дојран, Ф.С.(31) од Нов Дојран пријавил дека околу 20.30 часот во угостителски објект во Нов Дојран бил физички нападнат од С.С. од Нов Дојран. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 околу 14.15 часот во Полициската станица Велес било пријавено дека во двор од куќа сопственост на В.Т.(48) од Велес настанал пожар во кој бил опожарен кабел за струја и кровната конструкција на соседната куќа, сопственост на М.Г.(18) од Кавадарци. Пожарот бил изгаснат од екипа на противпожарната единица Велес, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 10.06.2022 во 03.50 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.П.(43) од Скопје пријавила дека на 09.06.2022 околу 23.30 часот на подрачјето на Аеродром нејзиниот малолетен син, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од две лица, од кои едното го познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 23.45 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.В.(35) од Куманово. Тој се сомничи дека околу 12.00 часот со закана ја земал неговата роднешна 35-годишна девојка од Куманово од домот во кој живеела во Скопје и со возило ја однел во неговиот дом во Куманово и ја задржал спротивно на нејзина волја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.06.2022 во 19.45 часот во Полициската станица Велес, В.Т.(38) од с.Раштани пријавил дека околу 19.15 часот во дворот од неговата куќа во с.Раштани бил физички нападнат од неговите соседи Ј.Д. и И.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.С.(54) од с.Ларце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување на лиценца". На 12.05.2022 на ул. „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „Волксваген голф", сопственост и управувано од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 10.06.2022 во 01.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" со тешки телесни повреди бил донесен А.С.(23) од Скопје. По преземени мерки било утврдено дека тој се здобил со повредите откако претходно, поради нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од В.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 23.05 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека околу 22.50 часот на еден од објектите на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор настанал пожар во кој била опожарена кровната конструкција. Пожарот бил изгаснат од екипа противпожарната единица Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 10.03.2022 во 03.00 часот во Полициската станица Кавадарци, С.С.(20) од Кавадарци пријавил дека околу 01.25 часот во Кавадарци бил физички нападнат од Л.Н. и К.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 09.40 часот во Полициската станица Центар, С.М.(41) од Скопје пријавила дека на 04.06.2022 околу 23.30 часот кај угостителски објект на подрачје на Центар нејзиниот малолетен син, по претходна расправија, бил физички нападнат од друг малолетник и уште четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 20.29 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул.„Јане Сандански" едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 09.20 часот во Полициската станица Пробиштип, од Итна медицинска помош Пробиштип било пријавено дека кај ним со повреда бил донесен Т.Г.(44) од Пробиштип. Според пријавеното, тој се здобил со повредата додека извршувал работни задачи во с.Добрево, како вработен во општината. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 23.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на бул.„АСНОМ" едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2022 во 02.20 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека од СОС Детско село се одалечил нивниот штитеник М.О.(18), кој и претходно се одалечувал од установата и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.06.2022 во 00.01 часот во Полициската станица Кочани, З.М.(51) од Кочани пријавил дека на 09.06.2022 околу 22.15 часот во Кочани неговиот малолетен син бил физички нападнат од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет